Експерт: д-р Ризван Сулејмани

# Образование

Врз основа на аналитичката матрица за мониторинг на перформанси, извршеното истражување и интервјуа со надлежните институции на ова прашање може да се каже дека оваа 2009 година е обележана како турбулентна во областа на образованието. Имено, дел од овие турбуленции настанаа како индиректен резултат на финансиската криза и воедно промената на надлежниот за оваа област Министер за образование.

## 6.1. Планирани и спроведени активности на Владата на РМ во периодот на известувањето

Во однос на законските иницијативи во овој период забележани се одредени промени и придвижувања. Во Собранието на Република Македонија во текот на изминатите девет месеци донесени се Законот за изменување и дополнување на законот за високо образование, каде прецизно се утврдува ангажманот на редовниот професор кој е помалку од пет години во пензија. Имено, се регулира правото на професорот да предава на високобразовната установа за една учебна година доколку на распишаниот конкурс согласно законот не се пријави кандидат кој ги исполнува предвидените услови.

Донесен е и Законот за изменување и дополнување на законот за учебници за основно и средно образование. Со донесувањето на овој закон се прецизира употребата на стручна литература и детски списанија во основните и средните училишта. Меѓудругото, овој закон ја регулира и постапката за изработка на ракопис за учебник.

Со Законот за изменување и дополнување на законот за основање на Универзитет за информатички технологии, се прецизираат термините на катедрите и факултетите отворени на овој Универзитет.

Новиот Закон за учебници во основното и средното образование, од учебната 2009/2010 година предвидува сите учебници од прво одделение до четврта година да бидат бесплатни за сите ученици. Комплет учебници во одделенската настава од (прво до четврто одделение) ќе бидат користени од две генерации ученици, а во предметната настава (петто-осмо одделение) и во средното образование учебниците ќе им се менуваат на три години. Имено, за овие единаесет години единствено се направени реформи во стручното четиригодишно образование, но не и во тригодишното. Средношколците од овие училишта учат од учебници кои ги одобруваат Советот на родителите или од скрипти. Министерството за образование и наука треба да распише конкурс, но бидејќи има нова концепција за четиригодишното образование, потребна е изработка на нови наставни планови, програми, и нови учебници. Дел од учебниците кои требаа да бидат доделени, доцнеа и учениците ја започнаа наставната година без потребните учебници.

Отворен е новиот Универзитет за информациони технологии во Охрид. Универзитетот се очекува да биде еден од неколкуте специјализирани универзитети по информатичка технологија во Југоисточна Европа и најдобар на Балканот. Уни-

верзитетот Бостон, четвртиот по големина приватен универзитет во Соединетите Американски Држави и меѓу 50-те водечки во светот, од 25 јануари 2010 година првпат во Македонија ќе отвори програма за постдипломски студии од областа на информатичките технологии.

Во текот на 2009 година се реконструирани 113 училишта и вложени се преку 600 милиони денари за реконструкција на училишта. Започната е изградба на седум нови училишта, а пет нови училишта се пуштени во употреба. Проектот за реконструкција на училиштата и изградбата на нови спортски сали продолжува и понатаму.

Заради збогатување на фондот на странска литература издадена на македонски јазик, Владата започна проект- превод на 500 професионални и научни книги за високото образование, од најдобрите и најпознатите универзитети од САД, Англија, Франција и Германија. Проектот се спроведува со добра динамика, а книгите се дистрибуираат до сите јавни установи, библиотеки и универзитети во земјата.

Министерството за образование продолжи со процесот на деконцентрација на високото образование правејќи го подостапно до сите студенти. Имено, во текот на овој период Владата отвори Електротехнички факултет во Радовиш и во Свети Николе (како и Земјоделски факултет), и двата дел од Штипскиот универзитет. Меѓудругото, во Крива Паланка се отворија студии по информатика, кои ќе функционираат во рамките на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Кирил и Методиј“. Во Институтот за тутун во Прилеп беа отворени првите дисперзирани студии за производство и преработка на тутун при Земјоделскиот факултет од Скопје. За економските студии во Струга каде се запишани 25 студенти, квотата не е исполнета. Имено, поради нискиот број на запишани студенти дисперзираните студии по финансиски менаџмент не беа отворени. Студентите кои се запишаа своите студии ги започнаа во Скопје. Се отворија дисперзирани студии од Тетовскиот универзитет во Куманово, Гостивар, Струга, Кичево и во Скопје.

Владата навреме не успеа да обезбеди простор, помагала за студентите како и основна администрација за поддршка на студентите и професорите. Не е обезбеден сиот потребен кадар за овие дисперзирани студии. Додека самата идеја за дисперзирање на студиите од нивната преголема концентрација во Скопје и овозможувањето на раздвиженост и економска активност во градовите во РМ како и помошта за студентите кои не живеат во Скопје е добра, реализацијата на таа идеја не оди по замислената насока.

За прв пат Република Македонија, по примерот на сите ЕУ земји има Национална агенција за европски програми и мобилност за управување со фондовите на програмите Доживотно учење и Млади во акција. Националната агенција е јавна институција која е формирана со Закон донесен од страна на Собранието на Република Македонија. Целта на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е промоција и спроведување на европските образовни програми во Република Македонија. Корисници на програмите можат да бидат: ученици, студенти, наставници, професори обучувачи и друг персонал кој е вклучен во било кој дел од образовниот процес, претпријатија и други правни лица вклучувајќи ги и трговските друштва, стопанските комори и други здруженија на правни лица од областа на индустријата, истражувачки центри и тела како и

здруженија на граѓани и фондации. Програмите, соодветно на корисниците се: Комениус - основните и средните училишта, Леонардо да Винчи - средните стручни училишта, Еразмус – универзитетите, Грундвиг - сите лица кои го прекинале своето образование на определено ниво. Имено, оваа година беа доделени првите 7 грантови на корисниците од програмата за грантови кои добија финансиска поддршка од вкупно 70 000 евра кои беа на располагање во оваа фаза за пилот проекти во програмата "Млади во акција" , кои ги додели Јан Фигел, Комесарот за образование и култура на Европската комисија.

### 6.2. Што не е реализирано или не е целосно спроведно во анализираниот период

Меѓу активностите кои ја обележаа оваа година може да се издвои Веронауката како изборен предмет во основните училишта. Владата на Република Македонија во програмата за 2008-2012 како дел од алатките за модернизација на наставните програми ја воведе и Веронауката како изборен предмет која имаше цел да го потпомогне процесот на градење на вистинските вредности. Македонскиот Уставен Суд ја укина одредбата со која се овозможува организирање веронаука во основните училишта. Образложението е дека тоа е спротивно на Уставот кој предвидува одвоеност на државата и верските заедници, односно го нарушува правото и слободата на вероисповест на граѓаните.

Владата на РМ го прекина проектот за поддршка на апсолвентите, имено ја прекина акцијата за доделување ваучери, во рамките на проектот "Македонија - земја на информатичари". Во изминатите две години студентите што најдоцна до 15 ноември ќе се запишеа во четврта година на универзитетите во земјава, од Владата добиваа вредносни ваучери за купување компјутер. Ваучерите ги добиваа редовните студенти и на државните и на приватните акредитирани факултети во Македонија. Владата во 2008 година потрошила 2,5 милиони евра, зашто ваучер од 250 евра добиле околу 10.200 апсолвенти. Пред две години, во рамките на проектот "Македонија - земја на информатичари", беа доделени 12.222 ваучера, а вредноста на еден ваучер изнесуваше 12.300 денари. Прекинувањето на овој дел од проектот "Македонија - земја на информатичари" Владата на РМ го оправда со економската криза и прераспределбата на буџетот, а студентите својот револт го прикажаа преку протести.

Она што исто така го затресе образовниот систем во Република Македонија се и масовните отпуштања на наставниците од основните и средните училишта. Станува збор за наставници, чиишто договори за определено време завршиле, а не биле продолжени. Имено, требало да се отпуштат само оние професори (наставници) кои имале стаж до 5 години, поради тоа што потпишаните договори завршиле и немало потреба за продолжување на истите. Овој проблем ги засега и прашањата за децентрализација и финансиите (буџетите) на училиштата, но никако не смее да се дозволи вмешување и партизирање на образовниот систем.

Воведувањето на бесплатен Интернет во студентските домови е проект кој што се подготвува во соработка Министерството за образование и Министерството за информатичко општество. Имплементацијата на овој проект е одложена и се очекува истиот да биде имплементиран во текот на следната година.

### 6.3. Можни ризици од (не) спроведувањето или од недоволно квалитетното спроведување на активностите

Самите факти прикажани во овој извештај укажуваат дека на државното високо образование му се заканува опасен пад на квалитетот - со што во иднина ќе има дипломирани граѓани кои завршиле на факултети на кои не постоела квалитетна академска настава. Имено, со отварањето на дисперзираните студии, за новите факултети нема доволно професорски кадар па во најголем дел ќе мора професорите од постојните државни факултети Скопски или Битолски да предаваат но Кичево, Гостивар, Берово, Крива Паланка. Со тоа се ризикува да падне квалитетот на наставата и на досегашните факултети. Во врска со ова приватните универзитети реагираа дека се врши гушење на приватниот сектор бидејќи со новите конкурси ќе има повеќе уписи за студенти отколку што во Македонија има завршени средношколци, а пак професорите што предаваат на државните факултети неможат во исто време да предаваат и на приватните.

Дел од ризиците и влијанијата на дисперзираните студии се:

-  Ако не се пријават доволен број на студенти постои ризик овие дисперзирани студии да се затворат а со тоа и запишаните студенти да останат во неизвесност каде и како понатаму ќе ги продолжат студиите.
-  Малиот број на студенти ризикува цената на студиите по глава на студент да биде превисока за да не може да има економско оправдување за дисперзираните студии.
-  Несоодветниот професорски кадар да го намали квалитетот на студиите.
-  Неадекватното опремување и неизградената инфраструктура (администрација, несоодветните простории, кадар, и помагала за одвивање на наставата, интернет, компјутери) може да има последици врз квалитетот на студиите во овие дисперзирани студии.
-  Студенти од Скопје или Тетово каде веќе има постоечки факултети ќе се запишуваат на новите дисперзирани факултети во другите градови поради помалата конкуренција и пониската веројатност за пополнување на дозволената квота во целост.

И покрај иницијативите за реформирање на наставниот план во согласност со принципите на Болоњскиот процес, генералниот впечаток е дека квалитетот на иницијалното образование е сеуште на ниско ниво и не е усогласен со потребите за новите компетенции. Несоодветното образование и недоволната практична работа на факултетите, продуцира недоволно квалитетни наставници, што подоцна има контра ефект и се рефлектира со слаб квалитет на настава во образовен систем. Недоволната имплементација на болоњскиот систем може да доведе до забуна и несакани последици во текот на идните неколку години.

Од случајот на Тетовскиот Универзитет при поставувањето на в.д. ректор може да се увиди дека и понатаму во образованието и универзитетите кои се институции со загарантирана автономија, политиката е навлезена во голема мерка. Имено, според неодамнешните случувања може да се утврди дека и понатаму Државниот Универзитет во Тетово служи како полигон за пресметување меѓу политичките партии. Меѓудругото, масовните отпуштања на наставниците со почетокот на учебната година сведочеа за политичка манипулација на партиите. Искориствувањата од обете страни и позицијата и опозицијата, меѓусебните прес-

метки не се од корист на ниту на отпуштените наставници, ниту на учениците, ниту на образовниот процес во целина.

Мерката за бесплатни учебници за сите ученици од основно и средно образование, почнувајќи од 2009/2010 година согласно Законот за учебници, е за пофалба, но се препорачува да се спроведе доследно и ефикасно. Во спротивност, ризикот е преголем за квалитетот на образованието на учениците кои го поминуваат часот во препишување или диктати.

### 6.4. Општа стручна оценка за спроведените активности во периодот на известувањето

Владата итно да превземе мерки за да се создадат неопходните услови за нормално функционирање на дисперзираните студии со сите неопходни стандарди. Со тоа ќе се постигне поставената цел, „професорот оди кај студентот а не студентот кај професорот„ кој на директен или индиректен начин ќе го поттикне интересот за студирање кај младата популација. Високо образованата млада популација треба да прерасне во компаративна предност за државата за повлекување на странски капитал а со тоа и да се намали невработеноста и зголеми стапката на развој.

Новите наставни планови и програми за почетните одделенија беа изработени со задоцнување, за многу кус рок, и почнаа постепено да се имплементираат. Согледувањата укажуваат на тоа дека спроведувањето на новата концепција за основно образование започна недоволно подготвено и затоа предизвика збунетост кај училиштата, наставниците и родителите. Потребно е брзо и ефикасно справување со сите недостатоци на новите програми и нивно квалитетно спроведување. Искуството од другите земји покажува дека подготовката на ваквите проекти трае долго, чини многу и бара јасна стратегија и стратешко водство што се потпираат на издржани студии.

Финансирањето останува главна пречка за модернизација на македонското (високо) образование. Македонското високо образование сериозно страда од мали инвестиции од приватниот сектор, што понатаму ги ограничува перспективите за развој на универзитетите. Приходите на високобразовните институции од донации, приватни фирми, бизниси или организации се многу мали и незначителни. Најголемиот дел од приходите всушност доаѓаат од средствата од школарините што ги плаќаат студентите. Она што е потребно е стипендирање од страна на фирмите, стажантски програми, продолжување со градењето партнерства помеѓу македонски универзитети со странски. Треба да се работи на целосно искоренување на политичките влијанија врз образовниот систем, и било какво партизирање на професорите и вработениот кадар.

Она што е од големо значење е и подигнувањето на нивото на професорите, односно нивно професионално, и академско дооформување, можности за академска надградба, стручна подготовка и понатамошна специјализација, посета на меѓународни конференции и симпозиуми и редовно публикување на нивни трудови во домашни, како и странски стручни списанија.